**Резиме на Посебниот план за стопанисување со шуми за шумско-стопанска единица Малешевски планини II (2023 – 2032 година)**

**Вкупна површина ...................... 3 125,39 ха**
Шуми ......................................... 2 971,70ха
Шумско земјиште .......................... 89,89ха
За други намени ............................ 63,80ха

Опфаќа имот (шуми и друго земјиште) во 100% државна сопственост, имот каде државата е сосопственик и имот со неизложени права.

Табела 1: Шуми според форма на одгледување

| Форма наодгледување | Површина | | Дрвна маса | | | Тековен прираст | | | Просечен прираст | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ха | % | $м^3$ | % | $м^3$/ха | $м^3$ | % | $м^3$/ха | $м^3$ | % | $м^3$/ха |
| **Високостеблени** | 2971.7 | 100 | 828668 | 100 | 278.85 | 16332 | 100 | 5.5 | 305 | 100 | 2,77 |
| **Вкупно** | **2971.7** | **100** | **828668** | **100** | **278.85** | **16332** | **100** | **5.5** | **305** | **100** | **2,77** |

Табела 2: дрвни видови по површина и тековен прираст

| Дрвен вид | Површина | | Дрвна маса | | | Тековен прираст | | | Просечен прираст | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ха | % | $м^3$ | % | $м^3$/ха | $м^3$ | % | $м^3$/ха | $м^3$ | % | $м^3$/ха |
| Бел бор | 516.63 | 17.38 | 125574 | 15.15 | 243.06 | 3304 | 20.23 | 6.40 | 241 | 79.02 | 0.47 |
| Молика | 0.62 | 0.02 | 69 | 0.01 | 111.29 | 11 | 0.07 | 17.74 | 2 | 0.66 | 3.23 |
| Стробус | 2.81 | 0.09 | 697 | 0.08 | 248.04 | 12 | 0.07 | 4.27 | 15 | 4.92 | 5.34 |
| Бука | 2371.58 | 79.81 | 678464 | 81.87 | 286.08 | 12456 | 76.27 | 5.25 | 47 | 15.41 | 0.02 |
| Црн бор | 61.59 | 2.07 | 17826 | 2.15 | 289.43 | 445 | 2.72 | 7.23 | | | |
| Ела | 18.47 | 0.62 | 6038 | 0.73 | 326.91 | 104 | 0.64 | 5.63 | | | |
| **Вкупно** | **2971.7** | 100.00 | 828668 | 100 | 278.85 | 16332 | 100 | 5.50 | 305 | 100 | 0.10 |

Вкупно обрасната површина на шумскостопанската единица "**Малешевски планини II**" изнесува 2 971,70ха. Од вкупно обраснатата површина под високостеблени насади има површина 2 971,70ха или 100 %.

Според начинот на стопанисување:
- високостеблените разновозрасни насади се на површина од 2861,83 ха или 96.30 %
- високостеблените едновозрасни насади се на површина од 79,42 ха или 2.67 %
- високостеблени култивирани насади на површина од 30,45 ха ха или 1,02 %

По однос на видовиот состав, чистите насади се застапени на површина од 1416.71ха или 47.67 %, а мешаните ги има на површина од 1554.99ха или 52.33 % од вкупната обрасната површина на шумскостопанската единица (ШСЕ).

По однос на очуваноста, очуваните насади се застапени на површина од 2971.7ха или 100 %.

По однос на обновеноста и подмладувањето на насадите состојбата е различна. Во насадите каде се вршени сечи има подмладување и обновување, а во насадите каде што не е вршено сеча, обновеноста и подмладувањето е средно добро.

Вештачки подигнатите насади се во добра состојба и имаат поволни услови за иден раст и развој со стремеж да израснат во квалитетни насади.

**Општи цели на стопанисувањето**

Шумите според позитивните Законски прописи, се третираат како добро од посебен општествен интерес. Поради ваквиот третман, со нив се стопанисува според принципот на трајност во стопанисувањето и искористувањето. Сето тоа, со цел да може трајно да се обезбедат одредени количини на разни дрвни сортименти и други шумски производи, неопходно потребни за задоволување на потребите на населението и индустријата, која ги користи различните сортименти и производи.

Покрај материјалните користи од шумата, тие треба да ги задоволуваат и општо корисните функции, неопходно потребни за задоволување на општеството во целост. Овие функции ќе бидат исполнети, ако шумата дава трајно зголемено количество на дрво, со се подобар квалитет. Такви функции на шумата се: заштита на почвата од ерозија, подобрување на климата, прочистување на воздухот, регулирање на водениот режим и друго.

Според состојбата на насадите вкупниот тековен прираст за шумскостопканската единица изнесува **16332**м3 годишно. **Планираниот етат изнесува 38  438 м3 или 76% од можниот прираст.** Бидејќи, планираниот принос (етат) е помал од можниот прираст, целта за обездедување на трајност во стопанисувањето е осигурана.

**План за главни сечи на шумите**

Главниот принос за овој стопански период ќе се реализира по пат на групимично пребирна сеча, санитарна сеча и прореди.

<u>Групимично пребирната сеча</u> ќе се примени во високостеблените разновозрасни насади. Со оваа сеча покрај стеблата со одредени димензии ќе се сечат и стебла кои се потенки, чие отклонување е потребно заради добивање на потребни услови за обнова. Стеблата се сечат во мали групи, така да во шумата се отвараат мали окна, кои по природен пат ќе се осеменат. Со планот е одредено од која класа на дебелина колку ќе се сече за да се дојде до нормален распоред на дрвните маси по класи на дебелина во секој насад. Оваа сеча ќе се спроведе во

оддделите:1а,34/а,35/а,36/а,37/а,43/а,55/а,56/а,59/а,17/а,32/а,41/а,44/а,45/а,58/а.Притоа за периодот од 2023-2032 се предвидува користење на 33.497 м3 бруто дрвна маса.

Проредите ќе се спроведат во вештачко подигнатиот насад од струбус. Со проредните сечи се предвидува да се опфатат пред се стебла со лоши генотипски и фенотипски својства, стебла со криви дебла и неправилни крошни, со нагниени или оштетени дебла и круни, стебла кои го попречуваат развојот на перспективните стебла од кои не се очекува добар прираст по однос на квалитет и квантитет.Оваа сеча ќе се спроведе во одделот 30/б. Притоа за периодот од 2022-2031 се предвидува користење на 138 м3 бруто дрвна маса.

Вонредниот принос изнесува 4,803м3 и истиот доаѓа од панираната изградба на 18,51 км шумски патишта.

Вкупниот редовен и вонреден етат за десет години изнесува 43,241 м3.

Табела 3: планирани приходи од други шумски производи

| Вид на производ | Количина кгр/м3 | Цена 1 кгр/м3 | Вкупно денари |
|---|---|---|---|
| **Печурки (свежи)** | 7.000 | 150 | **1,050.000** |
| **Смрека** | 5.000 | 60 | **300.000** |
| **Боровинки** | 1.000 | 150 | **150.000** |
| **Разни чаеви** | 1.000 | 70 | **70 000** |
| **Вкупно:** | | | **1,605 000** |

**План за одгледување на шумите**

Во буковите насади кои се слабо обновени и со помал обраст, предвидено е и потсејување со семе од ела на вкупна површина од 239,31 ха.

**Шуми во кои не се дозволува напасување на добиток**

Добитокот може да направи големи штети врз младо подигнатите култури и поникот на насадите, со што би се оневозможила обновувањето или подмладувањето на шумите. Според член 52 од Законот за шумите се забранува пасење на добиток во шума. Во ШСЕ постои потенцијална опасност, поради фактот дека има поголем број на добиток (овци, говеда) во овој регион и се врши испаша на истиот. Поради ваквата состојба, стручните лица од ова шумското стопанство во иднина во рамките на оваа ШСЕ на видни места потребно ќе поставаат табли со натпис “Забрана за напасување на добитокот” и ќе преземат други соодветни мерки за заштита на шумите од напасување на добитокот (зголемена чуварска служба, едукација на сточарите, давање совети, опомени, а во најлоши случаи и казнување).